# Седум милиони евра за споменици во Центар

## Не е најважно да имаме грандиозен споменик ако чевлите ни се извалкани со кал од неасфалтирани улици, реагираа советниците од СДСМ

МАРИЈА ТАСЕВ

Седум милиони евра или една третина од буџетот на Општина Центар за 2009 година ќе се потрошат за изградба на споменици, решија советниците на вчерашната седница. На оваа одлука реагираше само советничката група на СДСМ, со образложение дека во време на економска криза Општината троши пари за споменици на штета на еден куп нерешени потреби на граѓаните.

- Градоначалничката не нè удостои со нејзиното присуство. Немаше кој да одговори зошто толку пари се трошат за изградба на споменици, а не се решени многу работи неопходни за функционирање на градот. Ние како советничка група, немаме ништо против да се изградат споменици. Но, во време на криза парите треба да се искористат за нешто покорисно. Не е најважно да имаме грандиозен споменик ако чевлите ни се извалкани со кал од неасфалтирани улици. Не гласавме за нацрт-буџетот - вели советник од СДСМ.

Со ребалансот на буџетот што Советот го усвои минатиот месец, Општината до крајот на годинава за споменици треба да потроши 530 милиони денари или околу девет милиони евра, од кои два милиона евра се од Министерството за култура.

Според одлуката, во строгиот центар на Скопје ќе бидат подигнати 19 споменици посветени на Александар Македонски, Крсте Петков Мисирков, Карпош, Гоце Делчев, Даме Груев, Никола Карев, Методија Андонов-Ченто, Цар Самуил, гемиџиите, светите Климент и Наум Охридски, светите Кирил и Методиј, Јустинијан Први и на украинскиот поет Тарас Шевченко.



Само во строгиот центар на Скопје ќе бидат подигнати 19 споменици

Општината треба да подигне спомен-обележја и за Првото заседание на АСНОМ, на основачите на Македонската револуционерна организација, на паднатите херои за Македонија, на загинатите пилоти од мисијата АЛТЕА во Босна, на македонските бранители и спомен-обележје на воин. Општината пред две години распиша конкурс за идејно решение за четири скулптури на лавови на Мостот Гоце Делчев.

Од сите најавени споменици, досега на оградата на Камени мост е поставена само спомен-плоча на македонскиот ајдутски арамбаша Карпош, а на плоштадот Пела бронзена биста на Крсте Петков Мисирков од академскиот вајар Боро Митриќески. ■

## Најмалку 500.000 евра за Александар Македонски

На скулптор, чиј идентитет никој не го знае, Општина Центар ќе му плати околу 500.000 евра за идејно решение и за изработка на проект за фонтана со коњаник.

Советничката Нада Зрмановска побара одговор зошто се одвојува огромна сума пари ако не се знае ни каде ќе се наоѓа ни кому е посветен споменикот.

- Ако за макета и за идејно решение се одвојуваат околу 500.000 евра, тогаш колкава е сумата за изградбата на вистинскиот споменик - прашаа советниците.

Неофицијално дознавме дека станува збор за споменик посветен на Александар Македонски што треба да се постави на плоштадот Македонија.

Општина Центар ќе исплати и огромни суми за хонорари на деветте члена на Комисијата за подигање спомен-обележја. Хонорарот е над 500 евра за еден член. Во постапка се повеќе од дваесет конкурси за споменици, а со оглед дека уште толку се подготвуваат, Општината на членовите на Комисијата ќе треба да им исплати околу стотина илјади евра.